Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2025 година заведена под број. 08-3018/1 од 26.12.2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-726/1 **Градоначалник**
13.03.2025 г. **Димчо Атанасовски с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 50^{та} седница одржана на ден 13.03.2025 година донесе:

Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2025 година

Член 1

Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2025 година бр.08-3018/1 од 26.12.2024 година („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број.44/2024) се менува така што:

Член 2

Во преамбулата кај Законот за локална самоуправа во заградата бројот „84/20“ се брише.

Член 3

Во член 10 став 2 од Одлуката, кај Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија во заградата броевите на службените весници се променуваат со следните броеви на службени весници („Службен весник на РМ“ број 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 84/05, 110/07, 121/07, 161/08, 92/09, 139/09, 139/09, 153/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18 и „Службен весник на РСМ“ број 51/23, 65/23, 51/24, 272/24)“.

Во член 10 став 2 од Одлуката, коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот од „2,35“ се менува со „2,08“,.

Во член 10 од Одлуката, ставовите 7, 11, 12 се бришаат

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-727/1
13.03.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Анета Стојчевска с.р